# MONDEO





# ВИЗИОНЕРСКИ. ГЕНИЈАЛНО. ВПЕЧАТЛИВО. СЕКОЈ АВТОМОБИЛ ГО НОСИ НЕГОВИОТ ПОТПИС.

*Henry Ford*

***Mondeo Vignale HEV***

*со 19-инчни легирани бандажи Dark Tarnish со 10 краци (опционално) и металик боја на каросеријата Magnetic (опционално).*

***Mondeo ST-Line***

*со 19-инчни легирани бандажи Shadow Black со 7x2 краци (опционално) и металик боја на каросеријата Diffused Silver (опционално).*



***Mondeo Vignale HEV***

*со 19-инчни легирани бандажи Dark Tarnish со 10 краци (опционално) и металик боја на каросеријата Blue Panther (опционално).*

## СОДРЖИНА


Вовед........................................02
Вртливо копче на менувач ..................08
Приспособлив темпомат......................10
Ford SYNC 3..................................12
Активна помош при паркирање (на анг. Active Park Assist)....................................14
Впечатливи технологии на Ford ..............16
Модели .......................................18
Trend.........................................20
Titanium .....................................22
Titanium HEV.................................24
ST-Line.......................................26
Vignale.......................................28
Vignale HEV .................................30
Бои на каросерија............................32
Облоги на внатрешност ......................34
Бандажи......................................36
Дополнителна опрема.........................38
Димензии и капацитет........................40
Спецификации ...............................42
Следни чекори...............................48




*Ford Mondeo ST-Line прикажан со 19-инчни Shadow Black легирани бандажи со 7x2 краци (опционално) и акрилна боја на каросеријата Stealth (опционално).*

# Дали го имаме вашето внимание?

Новиот Mondeo можеби е суштината на елегантно наметливиот стил. Но, деталите во неговата прекрасна надворешност не се битни само за изгледот. Ford Mondeo е прекрасно дизајниран за оптимална ефикасност. Неговите елегантни линии поефикасно го сечат воздухот. Аеродинамичните панели на задната страна помагаат да се намали турбуленцијата и да се додаде стабилност.

Напојуван од најновата технологија за хибридни електрични возила, Mondeo HEV предводи возбудлива нова генерација на економичност со неприметно менување помеѓу електричниот и бензинскиот мотор. И со достапност на повеќе различни дизел мотори Ford EcoBlue или со неверојатно ефикасниот бензински мотор Ford EcoBoost, перформансите на Mondeo се навистина импресивни, без разлика која опција ќе ја изберете.




*Ford Mondeo Vignale HEV караван прикажан со 19-инчни легирани бандажи Dark Tarnish со 10 краци (опционално) и металик боја на каросеријата Magnetic (опционално).*

# Дали седите удобно?

Новиот Ford Mondeo прави да посакате патувањето да трае подолго. Со љубов создаден од најпрефинетите материјали, неговиот раскошен ентериер создава оаза на внатрешна смиреност. Светлината навлегува преку опционалниот **панорамски кров** за да се зголеми чувството на пространост, додека материјалите за впивање на звукот обезбедуваат неверојатно тивок ентериер.

Опционалната **функција за масажа** на седиштата на возачот и совозачот помага да се освежат заморените мускули. А влегувањето и излегувањето од вашиот Mondeo е олеснето преку опционалниот **електричен столб за управување** што се отстранува за да се направи дополнителен простор. Поврзан со функцијата **мемориско седиште**, тој секогаш се враќа на Вашата идеална возачка положба.

Дополнителните функции вклучуваат повеќе различни интелигентни технологии за помош при возењето како што се **Ford SYNC 3** со 8-инчен екран на допир кој заедно со апликацијата FordPass, дава повеќе различни дополнителни функции создадени за да го олеснат секое патување.



*Ford Mondeo Vignale HEV прикажан со Luxury Premium кожа во Cashmere (опционално).*




# Префинето

## Избирач за вртливо копче на автоматски менувач*

Новиот Mondeo е создаден за да го направи вашето возење поудобно. Префинетиот автоматски менувач со 8 брзини се контролира преку новото опционално **вртливо копче на менувач** што ви овозможува лесно да бирате брзини со едноставно вртење на копчето, додека ја ослободува кабината за поефикасна централна конзола со дополнителен простор за складирање.

*Достапно само во автоматските менувачи 2.0L EcoBlue.

*Ford Mondeo ST-Line прикажан со Salerno Leather во Charcoal Black со црвени конци и вртливо копче на автоматски менувач.*




# *Ги олеснува патувањата*

## Приспособлив темпомат со Stop & Go и помош пред судар

**Приспособливиот темпомат** ви овозможува да ги внесувате посакуваната брзина и растојанието од возилото пред вас и автоматски ќе го одржува поставеното растојание доколку сообраќајните услови го попречуваат патувањето со саканата брзина на темпоматот.

За моделите со автоматски менувач, **Приспособливиот темпомат со Stop & Go*** одржува претходно поставено растојание од возилото пред вас, дури и ако забави до сопирање. А кога сообраќајот повторно ќе се раздвижи, и Вашиот автомобил ќе тргне.

**Помошта пред судир** ги користи предната камера и радарот за да препознае потенцијални предни судири и обезбедува звучно и визуелно предупредување, го употребува системот на сопирачките и може автоматски да ги употреби сопирачките ако не успеете да реагирате.

*Функцијата Stop & Go е достапна само за моделите со автоматски менувач. Приспособливиот темпомат е достапен за возилата со рачно менување.

*Ford Mondeo ST-Line прикажан со 19-инчни Shadow Black легирани бандажи со 7x2 краци (опционално) и металик боја Diffused Silver.*




# Запознајте го новиот најдобар пријател на вашиот телефон

**Ford SYNC 3**

Новиот Ford SYNC 3 непречено се интегрира со Вашиот паметен телефон, овозможувајќи Ви да контролирате сè, од телефонските повици и текстуалните пораки, до музиката и сателитската навигација – сè преку допирен екран од 8 инчи или преку извонредно едноставни говорни команди. Ажурирањата на картата помагаат да се движите по вистинската патека и да стигнете навреме и се доставуваат во ограничен временски период по регистрирањето на возилото.

**Одлики на SYNC 3**

- Управување со Вашиот телефон, музика, апликации и навигација со едноставни говорни команди
- Слушање на текстуалните пораки прочитани на глас
- Emergency Assistance† им помага на патниците да испратат на нивниот јазик повик за итен случај, за да ги известат службите за итни случаи за локацијата на возилото
- Контролирајте ги со AppLink апликациите компатибилни со SYNC, додека Apple CarPlay и Android Auto Ви овозможуваат да се движите низ Вашиот паметен телефон преку почетниот екран на SYNC 3, исто како да е Вашиот телефон
- Допирниот екран во боја ги поддржува гестикулациите со повеќе места на допир, „листање" и „зумирање со два прста" и Ви овозможува да ги уредите иконите на апликациите и задницата на екранот онака како што ги уредувате на таблет или на паметен телефон

FordPass

Пристапете до повеќе различни дополнителни функции преку паметниот телефон со **Апликацијата FordPass.**

- Изберете точки од интерес по Вашата маршрута. FordPass ќе ги испраќа овие локации до вашата SYNC 3 навигација кога ќе се поврзете преку AppLink
- Пребарајте точки за полнење гориво според бренд или октански број и споредете ги цените
- Пребарувајте слободни паркинг места, проверувајте ги цените, работното време и рејтингот

**Напомена:** Целосна интеграција на SYNC 3 со паметен телефон е можна само со iPhone 5/Android 5.0 (Lollipop) или понова верзија. За некои функции на SYNC 3, потребна е податочна врска, така што може да се појават трошоци за мобилната податочна врска. За да проверите дали Apple CarPlay и Android Auto се достапни на вашиот пазар, проверете ги најновите информации на официјалните веб-сајтови на Apple CarPlay и Android Auto.

†Ford Emergency Assistance е иновативна одлика на SYNC којашто користи мобилен телефон поврзан на Bluetooth® за да им се помогне на лицата во возилото да иницираат повик до локалниот комуникациски центар по судир на возилото во којшто се употребило воздушното перниче или се исклучуила пумпата за гориво. Оваа одлика функционира во повеќе од 40 европски земји и региони.






# Mondeo го олеснува паркирањето

## Активната помош при паркирање Ви наоѓа место.

**Активната помош при паркирање** наоѓа соодветно место за паркирање и може автоматски да ве внесе во него. Исто така, може и да ве изнесе од него. Само треба да управувате со педалот за гас, сопирачката и брзините (следејќи ги напатствијата на екранот и звучните сигнали)

## И Ве внесува.

**Активната помош при паркирање** може да ве воведе во паралелни места за паркирање или места за паркирање под прав агол, само 20 % подолги или пошироки од автомобилот. Едноставно притиснете копче и сензорите лоцираат соодветно место како што поминувате покрај него. Системот потоа автоматски ќе Ве внесе, додека управувате со педалот за гас, сопирачката и брзините.

## И Ве вади надвор.

**Активната помош при паркирање** функционира на сличен начин за да Ви помогне да излезете од паралелно место. Системот управува, додека вие ги контролирате педалите за гас и сопирање и степените на пренос. А кога системот ќе ве изведе од местото, ви дава порака преку групата инструменти за „преземање на управувањето“.

*Ford Mondeo ST-Line прикажан со 19-инчни Shadow Black легирани бандажи со 7x2 краци (опционално), металик боја Chrome Blue (опционално) и Salerno Leather во Charcoal Black.*



## Помош за држење лента

Достапно на брзини од над 65 km/h на видливо означени автопати и патишта помеѓу градски средини.

- **Предупредувањето за одржување на коловозната лента** му помага на возилото да остане во лентата со реакција од воланот што ве известува за ненамерни напуштања на лентата.
- **Помошното средство за одржување на коловозната лента** обезбедува помош при управувањето за да ви помогне да се вратите во вашата лента.



## Загреван управувач

За екстра топлина во ладните зимски утра, загреваниот управувач на Mondeo лесно се активира за да обезбеди дополнителен слој комфор помеѓу вас и ладната надворешност. (Опција. Не е достапно на моделите HEV)



## Препознавањето сообраќајни знаци (на анг. Traffic Sign Recognition)

Конструирано автоматски да препознава сообраќајни знаци за ограничување на брзината со стандарден формат и да го прикажува поставеното ограничување на брзината на групата инструменти.



## Автоматска трансмисија со перки за менување степени на пренос поставени на управувачот

Перките поставени на управувачот, инспирирани од трките, ви овозможуваат лесно да ги менувате степените на пренос без да ги тргнете рацете од управувачот.



## Интелигентен систем за погон на сите тркала (AWD)

Интелигентниот систем со погон на сите тркала на Mondeo постојано ја следи возната околина, оптимизирајќи ја влечната сила, без оглед на подлогата, со насочување на погонот таму каде што е потребен. Специјален екран на групата инструменти ја покажува распределбата на погонот за да бидете известени за условите под секое тркало.



## Динамични предни bi-LED светла од Ford

Овој интелигентен систем на предни светла ја избира соодветната шема на светлосни зраци за подобро осветлување во различни услови. Кога вртите, **динамичното осветлување на агли** го фрла зракот во свијокот за да ви овозможи да гледате подалеку. Додека долниот раб од предното светло има две LED ленти: бели дневни светла и килибарни трепкачи кои трепкаат секвенцијално во насоката на вртење.



## Систем за информирање за слепи точки

Создаден е за да ве предупредува со светла за предупредување во двата странични ретровизори кога друго возило – автомобил, комбе или камион – влегува во ваша слепа точка. На сличен начин, **предупредувањето за напречен сообраќај** предупредува ако е откриена движечка опасност кога излегувате од место за паркирање под прав агол. Зоната за откривање на слепа точка варира во опсег од 18 метри, во зависност од брзината на возилото.



## Помош пред судир (на анг. Pre-Collision Assist) со детекција на пешаци и велосипедисти.

Користејќи радар и камера, **Помошта пред судир** будно внимава за возила, велосипедисти и пешаци на патот напред. Системот е дизајниран да ги детектира објектите пред возилото и може да ве предупреди за потенцијален судир. Доколку не одговорите на предупредувачките сигнали на системот, возилото автоматски ќе ги активира сопирачките за да ви помогне да го избегнете или намалите ефектот на сударот.

# *Изберете го вистинскиот Mondeo за вас*

Достапен во серија од понуди, без разлика кои се Вашите преференци, има нов Ford Mondeo што е совршен за Вас.




**Trend**

Елегантно наметливиот дизајн, импресивните интегрирани технологии и широкиот опсег на опции за моторот го прават Ford Mondeo совршен избор.




**Titanium** **Titanium HEV**

## Луксузни модели

Луксузните модели на Mondeo даваат врвни нивоа на софистицираност и комфор, со првокласни материјали и дополнителни технологии.






**ST-Line**

## Модел Sport

Со карактеристична индивидуалност на ST-Line што ги плени очите, спортскиот модел на Mondeo дава динамично возачко доживување како ниеден друг автомобил.




**Vignale** **Vignale HEV**

## Модели Vignale

Ford Vignale нуди навистина уникатно искуство, со возила што сјаат со супериорната изработка и вниманието на деталите.

FORD **MONDEO** Модели

# Trend

### Главни одлики на надворешноста

- Челични бандажи од 16 инчи со раткапни со 7x2 краци
- Загревани ретровизори на вратите со електричен погон
- Хромирани шини на покривот (само за караван)
- Двоен ауспух (само на моторите 2.0 Panther FWD дизел 190 KC)
- Халогени проекторски предни светла со светла за дневно возење

### Главни одлики на внатрешноста

- Радио со USB-влез и 8 првокласни звучници
- Прозорци со електричен погон со заедничко отворање/затворање
- Климатизација со двозонска електронска автоматска контрола на температурата (DEATC)
- Управувач обложен со кожа
- Кожно обложено топче на менувачот (само кај рачен менувач)
- MyKey
- Електрична паркирна сопирачка (EPB)
- Рачно нагодување на висината и потпирањето на половината на возачот и совозачот

**Мотори**
**Бензински:**
1.5 Ford EcoBoost со 165 KC (121,4 kW)

**Дизел:**
2.0 Ford EcoBlue 150 KC (112 kW)






FORD **MONDEO** Модели

# Titanium

### Клучни одлики на надворешноста, дополнителни на одликите на Trend

- 16-инчни легирани бандажи со 10 краци
- Халогенски проекторски предни фарови со LED-дневни светла
- Загревани странични ретровизори со електричен погон и склопување со електричен погон, со странични трепкачи и светла за осветлување на тлото
- Загреано ветробранско стакло

### Клучни одлики на внатрешноста, дополнителни на одликите на Trend

- Радио со 2 USB-влеза, SYNC 3 навигација и 8 првокласни звучници
- Предни седишта со променливо загревање
- Интелигентна помош за брзина
- Интегрирана активна контрола на бучавата
- TFT екран во боја од 10 инчи во групата инструменти
- Предни седишта со спортски стил
- Повеќебојно амбиентално LED-светло
- Систем без клуч на Ford

**Мотори**
**Бензински:**
1.5 Ford EcoBoost со 165 KC (121,4 kW)

**Дизел:**
2.0 Ford EcoBlue 150 KC (112 kW)
2.0 Ford EcoBlue 190 KC (142 kW)
2.0 Ford EcoBlue 190 KC (142 kW) AWD






TFT екран во боја од 10 инчи во групата инструменти



Хромирано опкружување на страничните прозорци



FORD **MONDEO** Модели

# Titanium HEV

### Клучни одлики на надворешноста, дополнителни на одликите на Titanium

- Ознака за надворешноста за уникатно хибридно електрично возило (HEV) (каросерија со 4 врати)
- 16-инчни алуминиумски бандажи со 10 краци со финиш Sparkle Silver

### Клучни одлики на внатрешноста, дополнителни на одликите на Titanium

- 10-инчен екран на група инструменти TFT со HEV SmartGauge®
- Помош за нагиб
- HEV регенеративен систем на сопирачки
- HEV батерија

**Мотор**
**Бензински хибрид:**
2.0 TiVCT хибридно електрично возило 177 КС*






10-инчен екран на група инструменти TFT со HEV SmartGauge®




Ознака за надворешноста за уникатно хибридно електрично возило

*Комбиниран електричен систем.



FORD **MONDEO** Модели

# ST-Line

### Клучни одлики на надворешноста, дополнителни на одликите на Titanium

- 18-инчни фарбани/машински обработени легирани бандажи со 5x2 краци во Rock Metallic
- Спортско потпирање
- Ознака ST-Line
- Уникатни предни и задни долни браници
- Уникатни горни и долни приклучоци за решетка
- Плочести облоги со боја на каросеријата и спортски дизајн
- Шини на покривот со црн финиш (само за караван)
- Копчиња за магленки со уникатен дизајн
- Заден спојлер со боја на каросеријата (само на караван)

### Клучни одлики на внатрешноста, дополнителни на одликите на Titanium

- Предни седишта во спортски стил со црвени шевови
- Velours предни и задни патосници со црвени шефови
- Управувач обложен со перфорирана кожа со црвени шевови
- Потпирач за раце на централната конзола со црвени шефови
- Копче за менувач со црна кожа и црвени шефови (не е достапно кај ротирачко копче за менувач)
- Облога за менувач со кожа и црвени шефови (не е достапно кај ротирачко копче за менувач)
- Потпирач за раце на предната и задната врата со црвени шевови
- Црна горна облога
- Спортски педали со алуминиумски финиш
- Прагови на предните врати со уникатен финиш и со логото ST-Line

**Мотори**
**Бензински:**
1.5 Ford EcoBoost со 165 KC (121,4 kW)
**Дизел:**
2.0 Ford EcoBlue 150 KC (112 kW)
2.0 Ford EcoBlue 190 KC (142 kW)
2.0 Ford EcoBlue 190 KC (142 kW) AWD






Предни седишта со спортски стил и целосно кожен раб со црвени шевови



19-инчни легирани бандажи Shadow Black со 7x2 краци



FORD **MONDEO** Модели

# Vignale

### Главни одлики на надворешноста

- Ексклузивни 18-инчни полирани легирани бандажи со 5x2 краци од течен алуминиум
- Уникатен стил на надворешноста на Ford Vignale со хромирани и сатенски детали
- Приспособливото осветлување со динамични предни LED-светла од Ford
- Уникатни магленки Vignale
- Ознака Vignale
- Ретровизорска камера
- Предни и задни сензори за растојание за паркирање
- Двоен ауспух
- Загревано ветробранско стакло Quickclear

### Главни одлики на внатрешноста

- Sony DAB радио/CD со 2 USB порти, SYNC 3, навигација и 9 првокласни звучници
- Потполно првокласна кожна облога
- Табла со инструменти обложена со кожа
- Интегрирана активна контрола на бучавата
- Интелигентна помош за брзина
- Седиште на возачот со нагодување со електричен погон на 10 начини со функција за меморирање
- Предни седишта со променливо загревање

**Мотори**
**Дизел:**
2.0 Ford EcoBlue 190 KC (142 kW)
2.0 Ford EcoBlue 190 KC (142 kW) AWD






Ексклузивни 18-инчни полирани легирани бандажи со 5x2 краци од течен алуминиум




Уникатен екран за добредојде Vignale со кожно обложена табла со инструменти



## FORD **MONDEO** Модели

# Vignale HEV

### Главни одлики на надворешноста

- Ознака за надворешноста на задната врата за уникатно хибридно електрично возило (HEV) (каросерија со 4 врати)
- Уникатен стил на надворешноста на Ford Vignale со хромирани и сатенски детали
- Ексклузивни 18-инчни полирани легирани бандажи со 5x2 краци од течен алуминиум
- Двоен ауспух
- Приспособливото осветлување со динамични предни LED-светла од Ford
- Уникатни магленки Vignale
- Загревани странични ретровизори со електричен погон и склопување со електричен погон, со странични трепкачи и вградено светло за тлото, плус мемориска функција и електрохроматска страна на возачот
- Ретровизорска камера
- Предни и задни сензори за растојание за паркирање
- Загревано ветробранско стакло Quickclear

### Главни одлики на внатрешноста

- 10-инчен екран на група инструменти TFT со HEV SmartGauge®
- Светло на показател за менување брзини
- HEV регенеративен систем на сопирачки
- HEV батерија
- Интегрирана активна контрола на бучавата
- Интелигентна помош за брзина
- Седиште на возачот со нагодување со електричен погон на 10 начини со функција за меморирање
- Предни седишта со променливо загревање
- Помош за нагиб

**Мотор**
**Бензински хибрид:**
2.0 TiVCT хибридно електрично возило 187 КС*

*Комбиниран електричен систем.







Уникатна група инструменти Vignale HEV




Ford SYNC 3 8-инчен екран на допир



# FORD **MONDEO** Бои на каросеријата



***Frozen White***

*Акрилна боја на каросеријата**



***Shadow Black***

*Мика боја на каросеријата**



***Ruby Red***

*Затемнета безбојна металик боја на каросеријата**



***Blazer Blue***

*Акрилна боја на каросеријата*



***Magnetic***

*Металик боја на каросеријата**



***White Platinum***

*Трослојна металик боја на каросеријата**



***Stealth*†**

*Акрилна боја на каросеријата**



***Moondust Silver***

*Металик боја на каросеријата**



***Chrome Blue***

*Металик боја на каросеријата**

*Металик, Mica и избрани акрилни бои на каросеријата се опции, со доплата.
†Боја на каросеријата уникатна за ST-Line.
‡Уникатна боја на каросеријата за Vignale и Vignale HEV.
Вашиот Mondeo е покриен со гаранцијата за перфорација на Ford, 12 години од датумот на првата регистрација. Подлежи на правила и услови.
**Забелешка** Прикажаните слики на автомобили се само за илустрација на боите на каросеријата и може да не ги одразуваат тековните спецификации или достапноста на производите на одредени пазари. Боите и облогите прикажани во брошурата може да се разликуваат од вистинските поради ограничувањата на користените печатарски техники.





***Urban Teal***

*Металик боја на каросеријата**



***Diffused Silver***

*Металик боја на каросеријата**



***Blue Panther*‡**

*Металик боја на каросеријата**

## *Ние избравме Diffused Silver Што ќе изберете Вие?*

Mondeo ја должи својата прекрасна издржлива надворешност на процесот на боење во повеќе фази. Од челичните делови на каросеријата инјектирани со восок до заштитниот горен слој, новите материјали и процеси за нанесување обезбедуваат вашиот Mondeo да го задржи добриот изглед со години.



***Cypress во Ebony со бели точки***
*(стандардно во Trend)*



***Cypress во Dune***
*(стандардно во Trend)*



***Smitty Tech/Omni во Charcoal Black/ Grey***
*(стандардно во Titanium и Titanium HEV, опционално во Trend)*



***Кожа Salerno/Smitty Tech во Charcoal Black***
*(опционално во Trend, Titanium и Titanium HEV)*



***Mini Perf Miko Salerno делумна кожа во Charcoal Black***
*(опционално во Titanium и Titanium HEV)*



***Mini Perf Miko деулмна кожа во Charcoal Black со црвени шевови***
*(Стандардно за ST-Line)*



***Salerno Leather/Foundry во Charcoal Black***
*(опционално во ST-Line)*



***Salerno Leather во Charcoal Black***
*(опционално во Titanium и Titanium HEV)*



***Salerno Leather во Medium Soft Ceramic***
*(опционално во Titanium и Titanium HEV)*



***Salerno перфорирана кожа во Charcoal Black***
*(опционално во Titanium и Titanium HEV)*



***Salerno перфорирана кожа во Medium Soft Ceramic***
*(опционално во Titanium и Titanium HEV)*



***Salerno Leather во Charcoal Black со црвени шевови***
*(Опција за ST-Line)*



***Lux Mini Perf/Lux Leather во Charcoal Black***
*(стандардно во Vignale и Vignale HEV)*



***Lux Mini Perf/Lux Leather во Cashmere***
*(стандардно во Vignale и Vignale HEV)*

# FORD **MONDEO** Бандажи



## 16-инчни

***челични бандажи со раткапни со 7x2 краци***

*(стандардно за Trend)*



## 16-инчни

***легирани бандажи Sparkle Silver со 10 краци***

*(стандардно во Titanium и Titanium HEV*. Опција за Trend)*



## 17-инчни

***фарбани сребрени легирани бандажи со 5x2 краци***

*(стандардно во Titanium. опционално во Trend и Titanium HEV *)*



## 17-инчни

***легирани бандажи Luster Nickel со 10 краци***

*(опционално во Trend, Titanium и Titanium HEV *)*
*(Опремено или со 235/50, или со 215/55** пневматици)*



## 19-инчни

***полирани легирани бандажи со 10 краци од течен алуминиум***

*(Опција за Vignale)*



## 18-инчни

***полирани легирани бандажи со 5x2 краци од течен алуминиум***

*(стандардно во Vignale и Vignale HEV)*



## 19-инчни

***легирани бандажи Luster Nickel со 5x2 краци***

*(опционално во Titanium, Titanium HEV* и ST-Line)*



## 19-инчни

***легирани бандажи со 5x2 краци во Rock Metallic***

*(Опција за ST-Line)*



## 19-инчни

***легирани бандажи Shadow Black со 7x2 краци***

*(опционално во Titanium, Titanium HEV* и ST-Line)*



*16-инчни Ultra Low Rolling Resistance пневматици како стандард за Titanium HEV.
**Достапно само во комбинација со мотори FWD Panther со рачен менувач.







## ACV+ индуктивно полнење

Ги држи наполнети компатибилните паметни телефони додека сте во движење, без потреба од кабел за полнење. (дополнителна опрема)

## Кука за влечење што се вовлекува

Кога не се користи, куката за влечење што се вовлекува со целосно електричен погон на Ford, автоматски се повлекува надвор од погледот зад задниот браник, задржувајќи го елегантниот изглед на возилото. Како дополнителна можност за транспорт и товарање, куката за влечење може да влече до 2.200 kg во зависност од моторот (за повеќе детали проверете кај продавачот на Ford). (Опција и дополнителна опрема)

## Заштита на просторот за багаж

Достапни се издржливи корита за просторот за багаж со натпис Mondeo (дополнителна опрема), како и двострани патосници за просторот за багаж (кои можат да се развлечат преку задните седишта, заедно со заштита на браникот што може да се преклопува) и килим со логото на Mondeo на едната страна и издржлива гумена површина на другата страна (дополнителна опрема). Двете опции се идеални за превезување водени или валкани работи.

## Шини за на покрив

Цврстиот основен носач или попречните летви ви овозможуваат безбеден и лесен превоз на разни товари. Попречните летви се користат само во комбинација со шини за на покрив. (дополнителна опрема)

## Додатоци за на покрив Thule®+

Достапен е цел опсег приклучоци за покривот вклучувајќи сандаци за покрив, носачи на велосипеди и носачи на ски/штици за снег.

## Штитник за задржување на багажот

Робусниот систем за задржување ги држи предметите од багажот безбедно во просторот за багаж (може да се отстрани кога не се користи). Едната верзија се поставува зад првиот ред седишта; другата верзија се поставува зад вториот ред седишта. (Потребна е опрема за инсталирање) (Дополнителна опрема) Ги исполнува европските барања за безбедност ECE-R17/ ISO 27955.

*За повеќе дополнителна опрема посетете го онлајн каталогот за дополнителна опрема на www.ford-accessories.com*
*За асортиманот производи со брендот Ford – од облека до производи кои го одразуваат вашиот начин на живеење и модели на автомобили – посетете го www.fordlifestylecollection.com*



## Куки за влечење

Кога не се користи, куката за влечење што се вовлекува со целосно електричен погон на Ford, автоматски се повлекува надвор од погледот под задниот браник, задржувајќи го елегантниот изглед на возилото. (Опција и дополнителна опрема). Исто така, достапна е и кука за влечење што може да се отстрани (опција и дополнителна опрема) и фиксна кука за влечење (дополнителна опрема).

## Заден носач за велосипеди Uebler+

Висококвалитетен носач на велосипеди што се монтира на куката за влечење со опционален практичен механизам за навалување (во зависност од моделот на носачот на велосипеди) за лесен пристап до одделот за багаж. (дополнителна опрема)

## Ветро-одбојници ClimAir®+

Дозволете свеж воздух да влезе во возилото додека возите со отворени прозорци, дури и при слаб дожд или снег. (дополнителна опрема)

## Калници

Калниците со приспособена форма помагаат да се заштити каросеријата на Ford Mondeo од камчиња и прскања од патот. Достапни како комплети за напред и назад. (дополнителна опрема)




## Патосници за сите временски услови

